British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# ПОЛИТИЧКОТО ФИНАНСИРАЊЕ И ИЗБОРНИОТ ИНТЕГРИТЕТ

## НИЗ 5 ЕДНОСТАВНИ ПРАШАЊА




## 1 Што е политичко финансирање?

**Одговор:**

Политичкото финансирање се однесува на парите што политичките партии и кандидатите ги користат за секојдневното работење и за изборните кампањи. Тука спаѓаат сите средства кои тие ги примаат (приходи), како и парите што ги трошат (расходи). Политичкото финансирање опфаќа и прашања како што се злоупотребата на државните ресурси и купувањето гласови.



## 2 Зошто е важна транспарентноста во политичкото финансирање?

**Одговор:**

Транспарентноста значи отвореност во однос на парите. Граѓаните треба да знаат од каде оние што сакаат да ја водат државата ги добиваат своите средства и како ги трошат. Ова помага да се изгради доверба во политичките партии и изборите, да се спречи корупцијата и да се обезбедат потранспарентни и пофер избори.




## 3 Што е кампања на субјекти кои не се учесници во изборите?

**Одговор:**

Трети страни во изборна кампања се лица или субјекти кои за да поддржи или да се спротивстави на политичка партија или кандидат за време на избори, иако самото лице или субјект не учествува како кандидат на изборите.




**Пример:**

Граѓанска организација (НВО) која троши средства за реклами во кои ги повикува граѓаните да гласаат за одреден кандидат.

## 4 Дали инфлуенсер може да учествува во изборна кампања?

**Одговор:**

Да. Инфлуенсер може да поддржува кандидат или политичка партија. Ако инфлуенсерот е платен да промовира политичка порака, исплатата вообичаено треба да се пријави како трошок за кампањата.



**Пример:**

Популарен јутјубер (YouTuber) добива пари за да ги поттикне своите следбеници да гласаат за одредена партија.

## 5 Што е злоупотреба на државни ресурси?

**Одговор:**

Злоупотреба на државни (јавни) ресурси се случува кога јавни пари, службени возила, државни простории или вработени во администрацијата се користат за да ѝ се помогне на некоја политичка партија или кандидат да стекне предност на изборите. Тоа може да се случи и кога владите носат одлуки непосредно пред избори кои се насочени кон зголемување на јавната поддршка за владата, а со тоа и за партијата или партиите на власт.

**Примери:**



Користење на службено возило за присуство на партиски настан во кампањата.



Одложување на отворањето на нови болници за непосредно пред одржувањето на изборите.



Гаѓење одлуки за јавни проекти со цел да се зголеми популарноста на партијата на власт пред изборите.

**ИНФОРМИРАНИ ГРАЃАНИ. ПОФЕР ИЗБОРИ. СИЛНА ДЕМОКРАТИЈА.**

International Foundation for Electoral Systems

British Embassy Skopje | UK International Development — Partnership | Progress | Prosperity | ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME — ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ — PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE | Schweizerische Eidgenossenschaft, Confédération suisse, Confederazione Svizzera, Confederaziun svizra — Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# ЗА МЕЃУНАРОДНА ФОНДАЦИЈА ЗА ИЗБОРНИ СИСТЕМИ (ИФЕС)

ИФЕС ја унапредува демократијата за подобра иднина. Соработуваме со граѓанското општество, јавните институции и приватниот сектор за да изградиме отпорни демократии што обезбедуваат придобивки за сите. Како глобален лидер во промоцијата и заштитата на демократијата, преку нашата техничка помош и применети истражувања придонесуваме за развој на доверливи изборни тела способни да спроведуваат кредибилни избори; ефективни и отчетни институции и чинители на владеењето; граѓански и политички процеси во кои сите луѓе можат безбедно и рамноправно да учествуваат; како и иновативни начини на кои технологијата и податоците можат позитивно да им служат на изборите и демократијата. Од 1987 година, ИФЕС работи во повеќе од 145 земји, од демократии во развој до зрели демократии. ИФЕС е глобална, непартиска организација со седиште во Арлингтон, Вирџинија, САД, регистрирана како непрофитна организација.

Од 2015 година, ИФЕС има континуирано присуство во Северна Македонија, соработувајќи со изборните тела, јавните власти, организациите на граѓанското општество, политичките партии и медиумите за зајакнување на демократското управување и изборниот интегритет. Преку долгорочна техничка помош и поддршка за градење капацитети, ИФЕС придонесува за унапредување на изборната администрација, зајакнување на транспарентноста и отчетноста, промовирање на инклузивно политичко учество и зголемување на довербата на граѓаните во демократските процеси, помагајќи во изградбата на поотпорни и поодговорни демократски институции.

За повеќе информации за работата на ИФЕС во Северна Македонија, посетете ја веб-страницата https://www.ifes.org/ или следете не https://www.facebook.com/ifesmk/

Одрекување од одговорност: Овој производ е подготвен во рамките на проектот *Отпорни институции на Балканот за демократско владеење и избори (BRIDGE),* финансиран од Владата на Обединетото Кралство со поддршка на Британската амбасада во Скопје, и *Програмата за поддршка на изборите* на Швајцарската агенција за соработка во Северна Македонија, а спроведуван од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Содржината на овој производ нужно не ги одразува ставовите на донаторот, проектите, или партнерот за имплементација.

International Foundation for Electoral Systems